**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
Број **09-46**
11.03.2024 година

| **ООУ„Наум Наумовски Борче“ – Општина Гази Баба, Скопје** | |
|---|---|
| Конечен извештај од извршена интегрална евалуација | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | 27.11.2023, 28.11.2023 год. и 01.12. 2023 г. |
| **Број на извештај:** | 28/скопски/2023 година |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Сања Јакимовска |
| **Вид на училиштето:** | Основно училиште |
| **Подрачни училишта** | Нема |
| **Основач на училиштето:** | Совет на Општина Гази Баба |
| **Наставен јазик:** | Македонски |
| **Број на ученици:** | 495 |
| **Полова структура на ученици:** | 256 машки и 239 женски |
| **Број на наставници:** | 35 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Горан Готиќ |
| **Директор на училиштето:** | Светлана Петровска |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 24-26.09.2018 година |
| **Адреса на училиштето:** | Ул.„Маџари“, бр.25 Скопје |
| **Телефон:** | 02/2521-092 |
| **Факс:** | / |
| **e-mail:** | naum_naumovski_borce@yahoo.com ou-naumnaumovskiborche-madzhari-gazibaba@schools.mk |
| **Веб страна** | naumnaumovskiborce.edu.mk |
| **Оценка ИЕ** | Добар (3,45) |

Инспекцискиот надзор е извршен во согласност со членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ“ број 52/2005; 81/2008; 148/2009; 57/2010; 51/2011; 24/2013; 137/2013; 164/2013 , 41/2014, 33/2015, 145/2015, 30/2016 и 64/2018) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 86/2006)

**РЕЗИМЕ**

Годишна програма за работа на училиштето бр. 01-313/1 од 10.08.2023 год., усвоена од Совет на општина со Одлука бр.03-349/4 од 04.09.2023 год.
Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат за 2023 година и Законот за Просветната инспекција, во периодот од 27,28 ноември и 1 декември

2023 година, тим од тројца државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во работата на ООУ„Наум Наумовски Борче“ – општина Гази Баба.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и сѐ она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека работењето во ООУ„Наум Наумовски - Борче“ – општина Гази Баба е **добро**[1] (3,45).

Воспитно-образовната работа во училиштето се организира и остварува според наставниот план за деветгодишно основно образование, во две смени на македонски наставен јазик. Наставниот план и програми се реализираат во пропишаниот обем.

Училиштето има формирано училишен инклузивен тим со Одлука бр. 02-345/1 од 01.09.2023 година составен согласно со законските прописи и истиот работи по претходно изготвена годишна програма за работа. Во училиштето има 13 ученика за кои е формиран инклузивен тим за поддршка и работа со нив. Родителите на учениците со посебни образовни потреби се вклучени во инклузивниот тим со што се овозможува нивна целосна информираност.

Во училиштето се реализира Програма за продолжен престој за учениците од прво до трето одделение, која ја посетуваат 65 ученици. Училиштето организира продолжен престој во три одделни групи со ученици од прво до трето одделение.

Училиштето ја почитува процедурата и дава можност учениците да вршат избор на изборните наставни предмети според нивните интереси и потреби.

Учениците со помош и поддршка од училиштето и од наставниците учествуваат во различни манифестации и на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално и државно ниво.

Училиштето има регистрирано спортски клуб со назив УСК„Наум Наумовски Борче-2014“ со Решение бр.08-218/3 од 1.02.2019 година од Агенција за млади и спорт. Училишниот спортски клуб има изготвен и Статут на училишен спортски клуб.

Училиштето планира и презема конкретни активности за континуирано подобрување на постигањата на учениците, во соработка со родителите преку советување на учениците и родителите од страна на стручната служба

Најголем број на наставници им даваат поддршка на учениците што имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со пречки во развојот, избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби.

Најголем број наставници планираат и реализираат редовна, додатна и дополнителната настава, како и воннаставни активности.

Најголем број од наставниците користат разновидни наставни техники, форми и методи што соодветствуваат на потребите и можностите на учениците и нивните стилови на учење.

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење.

Училиштето има усвоен и одобрен соглсно законските одредби Статут бр.01-483/1 од 04.12.2019 година и Статутарна одлука за измена и дополнување на Статут во кој е вметнато Задолжително применување на Упатството за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување како и Водичот за работа на училишниот инклузивен тим со бр.02-10/18 од 05.05.2022 година по добиена согласност за статутарна измена од Советот на Општина Гази Баба-Скопје и од Министерството за образование и наука.

Училиштето има годишна програма за работа усвоена од Советот на Општина Гази Баба-Скопје со Одлука бр.09-6475/31 од 30.08.2023 година. За својата работа училиштето редовно изготвува самоевалуација, а последна изготвена Самоевалуација е со архивски број 01-271/1 од 07.07.2022 година. Училиштето има изготвена и Развоја програма за период од 2021 до 2025 година со архивски број 01-284/1 од 30.06.2021 година.

---

[1] Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на основните и средните училишта, постојат четири квалитативни нивоа:

1. Не задоволува,
2. Делумно задоволува,
3. Добро и
4. Многу добро.

## КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧИЛИШТЕТО

ООУ„Наум Наумовски Борче“ се наоѓа во општина Гази Баба, на територијата на урбана заедница Маџари. Училиштето ги опфаќа учениците од урбаните заедници Маџари, Триангла и дел од урбаната заедница Кирил Петрушевски согласно со утврдената реонизација од основачот, од Советот на општина Гази Баба.

Училиштето е основано од Собранието на општината „Саат Кула“ сега Гази Баба со Решение бр.25199/1 од 26.12.1975 година под име Основно училиште „Наум Наумовски - Борче“ Маџари 1 Скопје ул.„Мџари“ бр.25 Скопје. Училиштето е запишано во регистарот на установите на Окружниот стопански суд во Скопје, бр.на регистарска влошка 1-1081-0-0-0 Скопје. Дејноста на училиштето е верифицирана со Решение бр.14-2782/1 од 26.02.1986 година од Општинскиот комитет за општествени дејности на Собранието на општината Гази Баба.

Со Одлука бр. 19-2326/1 од 22.06.2005 година од Владата на Република Македонија објавена во Службен весник на Р.Македонија бр. 51 од 2005 година, основачките права и обврски над училиштето се пренесени на Совет на општина Гази Баба.

Наставата во училиштето се изведува во еден училишен објект, а во состав на училиштето нема подрачни училишта.

# 1.НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

## 1.1. Реализација на наставните планови и програми

Наставниот процес во ООУ „Наум Наумовски - Борче“ се реализира согласно наставниот план за деветгодишно основно образование. Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем. Содржините во поголемиот број наставни програми овозможуваат меѓуетничка интеграција во образованието.

Училиштето има воспоставено процедури за информирање на родителите, учениците и другите училишни тела за целите и содржините на наставните планови и програми што се реализираат. Информирањето го спроведува на почетокот на учебната година на состанокот со родителите, преку изготвување на брошура и преку веб- страната на училиштето.

Во редовната настава вклучени се 13 ученици со посебни образовни потреби, со наод и мислење од соодветна здравствена институција. За поддршка и работа со учениците со посебни образовни потреби училиштето има формирано училишен инклуизивен тим. За учениците со посебни образовни потреби, по претходно добиена согласност од родителите/старателите има формирано инклузивен тим за секој ученик кој изработува индивидуален образовен план за работа со овие ученици согласно нивните потреби. Во однос на работата со децата со посебни образовни потреби, во училиштето е обезбедена стручна поддршка од општински мобилен дефектолог кој еден ден во неделата е присутен во училиштето.

Училиштето има добиено согласност од МОН за вработување на дефектолог, постапката е во тек. Согласно со дидактичките упатства добиени од дефектологот и согласно со пропишаната процедура за изготвување на индивидуален образовен план наставниците ги прилагодуваат целите од наставната програма според посебните образовни потреби на учениците, со цел да постигнат најмногу што можат.

Во училиштето има 51 ученик со потешкотии во учењето и 10 талентирани ученика.

Училиштето ја почитува процедурата и дава можност учениците да вршат избор на изборните наставни предмети според нивните интереси и потреби. Училиштето нуди три изборни предмети според наставниот план. Се врши анкетирање и се почитува изборот од страна на учениците и родителите.

Во училиштето се реализира Програма за продолжен престој за учениците од прво до трето одделение, која ја посетуваат 65 ученици. Училиштето организира продолжен престој во три одделни групи со ученици од прво до трето одделение.

ООУ „Наум Наумовски - Борче“ спроведува анкетирање на родителите за реализација на проширена програма за можноста учениците да се прифатат и згрижат еден час пред и еден час по наставата.

### 1.2 Квалитет на наставните планови и програми

Училиштето прибира и разгледува мислење за наставните планови и програми и учебните помагала од аспект на мултикултурализам, родова и етничка рамноправност на иницијативи на наставниците, стручните соработници и родителите.

Постојат добри примери на соодветно вградени особености на локалната средина во поставените цели во наставните програми, наставните помагала, како и во содржините и активностите за негување на меѓуетничката интеграција во образованието.

Во училиштето има можности за интегриран пристап по одделни наставни предмети, при што истиот застапен е во одделенска настава, додека помалку застапен е по наставните предмети во предметна настава.

Училиштето на состаноците на формалните органи, дискутира за применуваните наставни планови и програми, во однос на нивната преобемност и прилагоденост на возраста на учениците и нивните развојни карактеристики, но до релевантните институции, нема покренато писмена иницијатива за нивно изменување, дополнување или иновирање.

### 1.3 Вонnаставни активности

Училиштето планира и реализира разновидни вонnаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците кои служат за поддршка на образовниот, личниот и социјалниот развој на учениците, како и обезбедување меѓуетничка интеграција во образованието и градење соживот.

Најголем број ученици се вклучени во една од вкупно 24 секции и други вонnаставни активности организирани од училиштето.

Учениците се вклучуваат во вонnаставните активности, според сопствен избор. Најголем дел од учениците се вклучени барем во една вонnаставна активност. Во вонnаставните активности, особено во секциите, опфатени се поголем број ученици според нивните индивидуални способности, наклонетост и предиспозиции. Изборот се врши преку анкетирање на учениците, а групите најчесто се балансирано хетерогени (од различни паралелки). Училиштето во вонnаставните активности ги вклучува и учениците со посебни образовни потреби. Препораките на наставниците се клучни при планирањето на содржините и активностите. Понекогаш и учениците се вклучуваат со свои предлог содржини и активности во подготвување на програмите за работа на вонnаставните активности. Наставниците најчесто ги земаат во предвид нивните предлози.

Учениците со помош и поддршка од училиштето и од наставниците учествуваат во различни манифестации и на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално и државно ниво. Во последните три учебни години училиштето учествувало на 128 натпревари, а има освоено вкупно 274 награди од кои :

- 73 награди на општинско ниво ( 14 прво место, 26 второ место и 33 трето место);
- 29 награди на регионално ниво ( 4 прво место, 11 второ место и 14 трето место);
- 26 награди на државно ниво ( 7 прво место, 4 второ место и 15 трето место);
- 7 награди на мегународни натпревари (2 прво место, 2 второ место и 2 трето место).

Учениците работат на проекти и покренуваат иницијативи од еколошка природа. Училиштето за афирмирање на вонnаставните активности соодветно користи различни медиуми, веб -страната на училиштето и преку социјални мрежи.

Училиштето има регистрирано спортски клуб со назив УСК„Наум Наумовски Борче-2014“ за 5 спортски дисциплини : атлетика, фудбал , кошарка, шах и одбојка. Во

спортските дисциплини вклучени се вкупно 80 ученика. Клубот е активен и учествува на разни спортски натпревари и активности. Најмногу награди на високо ниво има од спортот шах и за учениците најголем предизвик е играњето шах.

## 2. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

### 2.1 Постигања на учениците

Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според пол, по сите наставни предмети и за сите класификациони периоди, по одделенија. Училиштето изготвува тримесечни, полугодишни и годишни извештаи, како и споредбедни анализи за постигањата на учениците. Според анализите на крајот минатата учебна година, споредени со постигања од три претходни учебни години, постигањата на учениците во училиштето се многу добри и тоа:

- Среден успех на училишно ниво последните три учебни години е многу добар ( 4.13 во учебната 2020/2021 година, 4.15 во 2021/2022 и 2.28 во 2022/2023);
- Во однос на постигањата на учениците според пол, подобри постигања имаат учениците од женски пол во сите три учебни години.
- Според етничка припадност најмал успех имаат учениците од ромска националност со просек од 2.41, па учениците бошњаци со успех од 4.0, а најголем успех имаат учениците македонци.

Училиштето планира и презема конкретни активности за континуирано подобрување на постигањата на учениците, во соработка со родителите преку советување на учениците и родителите од страна на стручната служба. Во трите претходни учебни години спроведени се 107 советувања од кои 39 за намален успех и 68 за изостанување од настава.

Најголем број на наставници им даваат поддршка на учениците што имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со пречки во развојот, избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби. Наставниците согласно распоред реализираат дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат потешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат интерес и постигаат значителни резултати во одделни области.

Училиштето ја спроведува пропишаната политика за следење на хоризонталното и вертикалното движење на учениците, ги следи постигањата на учениците при премин од одделенска во предметна настава, но делумно ги следи постигањата по завршување на основното образование. Отстапување на успехот на учениците при премин од петто во шесто одделение е од 0.15 до 0.37. Училиштето нема податоци за успехот на учениците од средно училиште каде се запишале учениците.

Училиштето има интерен акт за избор на ученик на генерација според кој секоја учебна година избира ученик на генерација.

Училиштето има развиен систем и организира заеднички активности (наставни и воннаставни) со ученици од мешан етнички состав во рамките на училиштето. Во оваа учебна години, од вкупниот број на ученици, 388 се изјасниле како македонци, 91 ученик се од ромска етничка припаност, 2 ученика се од српска етничка припадност, 10 ученика се од албанска етничка припадност, 2 ученика се од влашка етничка припадност 2 ученика од хрватска етничка припадност.Тимот за реализираните активности изготвува Годишен извештај и истиот го презентира во училиштето.

### 2.2 Задржување / осипување на ученици

Училиштето обезбедува услови за запишување на сите деца од реонот, вклучувајќи и услови за запишување на деца со посебни образовни потреби. Има изградена политика и презема различни активности да ги запише сите деца од својот реон (соработка со надлежните институции, локалната заедница и градинките). Училиштето квартално ги ажурира податоците за запишаните ученици. Училиштето има

воспоставен систем за прибирање на податоци за опфатот на ученици при преминот од основно во средно образование.

Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности. Соработува со родителите за да ја зголеми редовноста на учениците во наставата. Училиштето ги реализира советувањата на родителите за нередовност на учениците и води уредна документација. За минатата учебна година 2022/2023 просечниот број на изостаноци е 16,65 по ученик, од кои 16,12 изостанока по ученик се оправдани, а 0,53 се неоправдани. Редовноста на учениците бележи тренд на подобрување во последните три години.

Во училиштето бројот на ученици кои се осипуваат е 19 ученика за учебната 2022/2023 година. Училиштето го следи осипувањето на ученици (според полот и етничката припадност), ги анализира причините и во соработка со родителите и граѓанските организации, навреме презема конкретни активности за да го намали осипувањето.

Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго. При преминот во друго училиште ги доставува информациите за воспитно образовниот развој на ученикот, а при прием на ученик од друго училиште ги бара истите информации и ги зема предвид при понатамошната образовна работа со ученикот.

**2.3 Повторување на ученици**

Во последните три учебни години нема ученици кои на крајот на наставната година се упатени на продолжителна настава. Во учебната 2022/2023 година 19 ученици се запишани во исто одделение , заради непосетување на настава. Вкупно 2 го повторувале одделението заради слаби оценки и успех во учебната 2021/2022 година.

Училиштето ги запознава учениците и родителите со правото за поднесување жалба до Наставнички совет доколку постои незадоволство од оценка на крајот на наставната година.

## 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

### 3.1 Планирања на наставниците

Во училиштето има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на стручната служба и од страна на директорот. Училиштето им обезбедува поддршка на наставниците за вградување на целите од новата концепција на основното образование, меѓуетничка интеграција, интегрираното образование, инклузија во образованието и еколошките содржини во планирањата на наставниците. Најмалку двапати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од страна на стручната служба и директорот.

Најголем број наставници ја планираат редовната, додатната и дополнителната настава, како и воннаставните активности. Имаат подготвени годишни, тематски планирања и оперативен план за наставен час, односно годишни и тематски процесни планирања што ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот. Целите на наставата, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценување кај поголем број наставници се јасно утврдени во планирањата и ги користат информациите од оценувањето за утврдување на потребите на учениците и да ги планираат следните активности во поучувањето и учењето. Поголем број наставници користат дигитални е – содржини, соработуваат и разменуваат искуства со наставници од други училишта.

Распоредот на часови го изготвува наставникот по Информатика, согласно наставниот план, имајќи го во предвид распоредот за наставници кои реализираат настава во други училишта, број на часови по паралелки и изборни предмети, притоа почитувајќи го најдобриот интерес на ученикот. Училиштето навреме изработило распоред за додатна и дополнителна настава и истиот е истакнат на видно место во училиштето.

Училиштето има изготвено распоред за ѕвонење и наставата се реалзира согласно распоредот.

### 3.2 Наставен процес

Најголем број од наставниците користат разновидни наставни техники, форми и методи што соодветствуваат на потребите и можностите на учениците и нивните стилови на учење. Најголем број наставниците користат добро испланирани и соодветни активни методи за работа со учениците, индивидуално, во парови, во групи или заедничка работа со целата паралелка.Часовите се реализираа по предвидениот тек на наставниот час со воведен, главен и завршен дел. Најголем број наставници ги реализираа поставените цели на часот.

Од информатичко–комјутерска технологија училиштето располага со 24 - ЛЦД проектори, 22 интерактивни табли, 15 куќишта во кабинетот по Информатика и 30 лап-топ комјутери кои ги користат наставниците. Наставниците се обучени за употреба на ИКТ. Во сите простории има достапна безжична интенет- мрежа. Наставници во планирањата имаат планирано реализација на наставни единици со примена на информатичко – комуникациска технологија преку користење на линк или е-содржини.

Училиштето почнувајки од учебната 2011-2012 година е вклучено во екопроектот. Има изготвено екопрограма, екокалендар, екоалбум, екокодекс и екопораки за штедење на електрична енергија, чист воздух и здрава животна средина. Формиран е екоодбор и еко патрола. Организирани се голем број екоакции и тоа собирање на пластичен отпад и отпадни батерии, одржување на училишниот двор и озеленување на истиот, одржување на работилници за штедење на водата, активности за одбележување на значајни датуми во областа на екологијата согласно со еколошкиот календар содржан во еко програмата и слично. Во реализацијата на екопрограмата вклучени се наставници стручните соработници, ученици и родители.

Задачите што се работат во училиште или дома (домашна задача) се планирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите. Изборот на задачите и активностите кај помал број наставници се со различно ниво на сложеност приспособени на индивидуалните образовни потреби на учениците. Наставниците користат различни ресурси и приоди за учење, не ограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна

прирачна литература. Поголем број наставници на учениците им овозможува да работат со сопствено темпо. На учениците кои подоцна се вклучуваат во образовниот систем им се овозможува да се вклучат и напредуваат во наставниот процес.

Поголем број наставници редовно ги информираат учениците за целите на наставата програма и очекуваните исходи од учењето. Поучувањето кај поголем број наставници е јасно и разбирливо, соодветно на возраста, потенцијалот и предзнаењата на учениците.

Поголем број наставници наставата ја реализираат со примена на различни интерактивни методи, сите ученици се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата. Се промовираат различни начини на учење и градење на доверба меѓу наставниците и учениците. Интеракција наставник – ученик е добра. Интеракцијата најчесто е присутна во работа во групи, при обработка на наставна содржина и при повторување со користење на техника. За усвојување нови знаења, вежби и утврдување на знаењата најголем број на наставници користа соодветни форми, методи и техники за работа.

Во создавање клима за надминување на културните разлики, способностите, физичкиот хендикеп, интелектуалната попреченост кај учениците, наставниците превземаат различни и соодветни активности.

Училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес којашто редовно се применува и секој наставник во текот на учебната година се посетува на наставен час. Практика на размена на искуства со колеги од училиштето преку нагледен час е делумна.

### 3.3 Искуства на учениците од учењето

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Училишнот простор е естетски уреден, а трудовите на учениците се изложуваат на видни места во училницата и во училиштето, почитувајќи ги естетските норми. Тие редовно се менуваат, согласно целите на наставата и учењето. Секој ученик добива можност да има изложен труд. Ученикот има пристап до различни материјали за учење.

Учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен и она што се учи е поврзано со секојдневието и ги оспособува за активно учество во демократско и мултикултурно општество. За време на часот поголем број наставници ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Наставниците не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици.

Најголем број на ученици имаат можност да го искажат сопственото мислење, притоа почитувајќи го мислењето на другите и не загрозувајќи ги основните човекови права. Нивното мислење делумно се земаат предвид при решавањето проблеми и при одлучувањето. Учениците иницираат мал број на активности и преземаат различни одговорности во училиштето.

Учениците сметаат дека училиштето доволно организира форми поттикнува и мотивира соработка меѓу учениците, негува интеркултурна комуникација и почитување на различностите. Интеракцијата ученик-ученик е добра, најчесто е присутна во работа во групи, при обработка на наставна содржина со користење на техника. Интеракцијата меѓу учениците за заедничка работа на различни проекти, во и надвор од наставата, во групи со хетероген состав се добри. Мал број на ученици сметаат дека училиштето треба да превземе повеќе активности за да се чувствуваат прифатени, задоволни и среќни во паралелката и училиштето.

### 3.4 Задоволување на потребите на учениците

Наставничкиот кадар и стручната служба ги детектираат образовните потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење на секој ученик и преземаат активности за нивно остварување, односно за нивно отстранување.

Поголем број наставници во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на учениците со различни способности и стилови на учење да научат најмногу што можат.

Училиштето за потребите на учениците со посебни образовни потреби има изготвено програми за работа за вкупно 13 ученика во учебната 2023/24 година кои се инклузирани во редовна настава и работат со ИОП. Училиштето има изготвено посебни програми за учениците со потешкотии и за надарените ученици има изготвено програми за работа.

### 3.5 Оценувањето како дел од наставата

Училиштето има дефинирана политика за оценувањето во која основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик, вклучувајќи и кодекс за оценување. Училиштето ги применува законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците (формативно и сумативно). Наставниците имаат изготвено стандарди и критериуми за оценување со кои учениците и родителите се запознаени. Мал дел од наставниците не секогаш ги применуваат стандардите и критериумите при формирање на оценката на учениците.

Наставниците користат разновидни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Учениците делумно се вклучуваат во оценувањето (преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми за оценка).

Наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата. Голем акцент се става на вреднувањето на дневните постигања на учениците и на детектирањето на идните активности што ќе се применуваат во учењето и поучувањето. Наставниците ги користуваат информацииите добиени од оценувањето за да го подобрат планирањето и реализацијата на наставата.

### 3.6 Известување за напредокот на учениците

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца. Најголем број наставници редовно прибираат информации за постигањата на учениците и даваат транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката, вклучувајќи и детални препораки за подобрување на постигањата за секој ученик посебно. За таа цел се користат добро организирани формални и неформални средби, групни средби за пренесување на информациите за паралелката во целина и индивидуални средби за пренесување на информации за конкретен ученик со родителите.

Родителите добиваат и пишани извештаи, евидентен лист со информации и детали за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет, вклучувајќи информации за личниот и социјалниот развој на детето. Најголем број наставници од родителите бараат да дадат своја повратна информација по извештајот, по што се преземаат соодветни активности согласно гледиштата на родителите во однос на постигањата и напредокот на нивните деца. Во училштето на јавно место е објавен распоред на индивидуални средби на наставници со родителите на учениците, распределени секој работен ден во неделата. Исто така, на ниво на секоја паралелка во функција се формираат и групи на социјални мрежи и мрежите за комуникација за навремено информирање на родителите од страна на наставниците.

Наставниците го водат и редовно го ажурираат електронскиот дневник, сите родителите имаат пристап до него и редовно се известуваат преку телефонски пораки и пораки преку е-пошта.

# 4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 4.1 Севкупна грижа за учениците

Училишната зграда е тврда градба. Училишниот простор е безбеден за изведување настава, истиот е осигигуран преку АД Осигурителна Полиса со бр.090000014896 од 16.12.2022 година, бр.080000079357 од 16.12.2023 година и Полиса 090000014895 од 16.12.2022 година,учениците и вработените се осигурани преку Кроација осигурување А.Д.Скопје со бр.010310226485 од 22.06.2023 година и Полиса бр.010310221243 од 01.06.2023 година. Училиштето има посебен пишан акт со мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и во училишниот двор. Кодексот за однесување на учениците има одредби поврзани со безбедноста на учениците. Инфраструктурата во училишната зграда е безбедна и не претставува потенцијална опасност за повреди на учениците без потенцијално опасни места. Во училиштето сите вработени учествувале на работилница за заштита и самозаштита во случај на катастрофи. Во училиштето има вработени лица кои се обучени за давање прва помош на учениците при несреќни случаи во училиштето. Училиштето има посебна просторија за укажување на прва помош, има пакет за укажување на прва помош сместен во наставничката канцеларија. Училиштето има План за евакуација при елементарни непогоди и еднаш во текот на една учебна година се изведуваат симулации за постапување при елементарни непогоди. Во училиштето функционира тим за евакуација. Училиштето има пишан документ во кој се дефинирани сите облици на однесување на децата и возрасните кои се сметаат за психичко и физичко насилство, со

особен акцент на облиците на сексуално вознемирување на учениците. Училиштето секоја година донесува годишната програма и акционен план за превенција од насилство со месечни активности и истите доследно се реализираат. Во кодексите за однесување на вработените и учениците има одредби и дефинирани процедури за санкционирање на насилството од страна на возрасните и учениците. Вработените се свесни за својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето, а на потребите на децата им приоѓаат со внимание, грижејќи се за нивните права, приватност и достоинство. Во училиштето се забранува пушењето, консумирањето алкохол и дистрибуцијата и консумирањето на наркотични супстанции во училишните објекти. Училиштето нема пишани процедури за регистрирање на појавата на ваквите состојби и постапување по нив.

Во училиштето има 17 ППА, 8 хидранти. Противпожарните апарати и хидрантите редовно се сервисираат. Извршено е мерење и на громобранска инсталација. Има инсталирано интернет- мрежа и телефонска врска. Училиштето е под видео-надзор и има ангажирано физичко лице за обезбедување од ЕКОТ ГАРД-Скопје преку Јавна набавка со бр.05-340/3 од 24.10.2023 година..

За безбедно движење на учениците по улицата до училиштето, има поставено знак за училиште, а има поставено и успорувач на брзина.

Во училиштето има организирана исхрана за учениците- топол и ладен оброк од страна на ДПТТУ ВИМ-Д Компани- Скопје и Вегера-Скопје. Вкупно се хранат 95 ученика од кои 50 се приматели на ладен оброк, а 45 на топол оброк. Училиштето води кампања за здрава исхрана, организира предавања на тема „Здрава храна“ и реализира активности за одбележување на Светскиот ден на здравјето и Меѓународниот ден на храната. За квалитетот на храната училиштето доставува примероци за испитување.

Во училиштето покрај физичко обезбедување, се одржува и редовно дежурство од наставници на влезот и ходниците на училиштето.

Училиштето преку годишната програма на училишниот тим за инклузија (УТИ) планира и реализира активности за грижа за учениците со пречки во развојот/физичка попреченост. Во училиштето има 13 (тринаесет) ученика со посебни образовни потреби со кои се работи по ИОП и со образовни асистенти. Училиштето ги поттикнува учениците во давањето помош и водењето грижа за учениците со пречки во развојот. По добиениот проект,,Инклузија на деца со ПОП,, -Здружение за асистивна технологија- „Отворете ги прозорците“ е реализирана размена на ученици во Детско село, Песталоци и Троген, Швајцарија. Во рамки на интеркуларната размена од училиштето учествувале 14 ученици со 2 наставника и супервизор. Размената е реализирана од 30.05.2023 година до 13.06.2023 година.

Пристапот во училиштето е приспособен на потребите на учениците со пречки во развојот/физичка попреченост. Просторот во ходниците и во училниците на приземјето и во подрумот овозможува нивно движење. Инвентарот во училниците е соодветен на потребите на учениците, а постои и приспособен тоалет за ученици со физичка попреченост.

Училиштето има пропишани процедури за обезбедување материјални средства за учениците од социјално загрозените семејства кои не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици и да учествуваат во воннаставните активности што бараат вложување дополнителни средства. Училиштето соработува со релевантни институции Црвен крст и УНИЦЕФ, Центар за Социјални работи и др.

### 4.2 Здравје

Подовите во училниците, ходниците, скалите и санитариите, редовно се чистат, но учениците и родителите искажаа ставови за поголема грижа за хигиена во училиштето со акцент на санитариите, иако ги задоволуваат законските прописи. Училиштето воспитно делува учениците да ја одржуваат личната хигиена. Ходниците и скалите се чистат најмалку двапати во денот, подот и клупите се чистат пред почетокот на секоја смена, другиот училиштен простор еднаш во текот на денот, а прозорците, вратите и другиот инвентар еднаш во полугодие. Дворот на училиштето е уреден и чист од секаков вид отпадоци. Во дворот на училиштето, во секоја училница и во ходниците има корпи за отпадоци и училиштето воспитно делува учениците да ги фрлаат отпадоците во нив. Училиштето има програма за превенција од заразни болести и постапува по препораките и насоките на санитарната инспекција во врска со одржувањето на хигиената во училиштето и заштитата од заразни болести. Во училиштето се вршат редовни систематски прегледи за ученици и санитарни прегледи на вработени. Во почетокот на оваа 2023/2024 учебна година извршена е дезинфекција, дератизација и дезинсекција, како и санитарни прегледи на вработените.

Сите вработени се лекарски прегледани. Лекарски преглед на вработените извршен во ЈЗУ„Здраствена станица Железара“ – Скопје, а извршен е и санитарниот преглед.

Училиштето нема пропишани процедури за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. Училиштето соработува со родителите, локалната заедница и со здравствените установи.

### 4.3. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Училиштето им обезбедува на учениците јасни, точни и најнови информации за можностите за понатамошно образование. За таа цел комисијата за професионална ориентација на учениците во училиштето планира и реализира годишна програма која опфаќа: анкетирања и анализи, запознавање на учениците и родителите со резултатите, презентации на средните училишта и присуство на деветтоодделенците на саемот на средни училишта. Подготовката што ја организира училиштето за учениците за избор на понатамошно образование по завршувањето на основното образование опфаќа: самооценување на интересите интересите на учениците, информирање на родителите и учениците за помошта што може да ја добијат во училиштето преку пишани и усни соопштенија од страна на стручната служба во училиштето. Има постојана соработка со Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија и редовно спроведува тестирања за професионална ориентација на учениците и им помага во професионалното насочување. Училиштето ги вклучува и децата со посебни образовни потреби при професионалната ориентација. Училиштето има годишна програма за навремено откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми (семејно насилство, семејна негрижа, развод на родителите, болест во семејството и сл.). Стручната служба во училиштето соработува со здравствените установи и Центарот за социјална работа. Советодавната помош за понатамошно образование на учениците е добра.

### 4.4 Следење на напредокот

Најголем број од наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на сите ученици, но не и за нивниот интелектуален, социјален и емоционален развој. Во евиденцијата не се акцентирани добрите страни на учениците и нивните развојни потенцијали. Имаат податоци за напредокот на учениците добиени како резултат на проценка направена од страна на

наставниците во соработка со стручната служба и родителите на учениците. Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, класните/предметните наставници и родителите за постигањата на учениците. Наставниците подготвуваат редовни квартални извештаи за својата паралелка врз основа на индивидуалните евиденции за учениците. Подготвените извештаи според паралелки им се доставуваат на увид на стручната служба и на раководниот кадар и се целосно достапни за сите други наставници, родители и за самите ученици. Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес.

## 5.Училишна клима

### 5.1. Училишна клима и односи во училиштето

Училиштето се препознава како добро училиште по квалитетот на работата и постигањата на учениците во различни области како и остварувањето на визијата и мисијата на училиштето. Училиштето се препознава по постигање на учениците во текот на образованието во училиштето.

Училиштето има кодекс на однесување со кој се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури: раководниот кадар, наставниците, стручната служба, техничкиот персонал, учениците и родителите. Во изготвувањето на кодексите учествувале сите засегнати страни. Кодекс на однесување и Куќниот ред се истакнати транспаретно во ходниците и холот на училиштето. Донесените кодекси од страна на вработените, учениците и родителите се применуваат целосно и сите вработени, ученици и родители се придржуваат кон куќниот ред на училиштето.

Во училиштето климата е добра. Училиштето води политика на взаемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во секојдневниот училишен живот. Односите меѓу сите во училиштето се на задоводително ниво за нормално одвивање на воспитно-образовниот процес. Сите ученици се чувствуваат прифатени од возрасните и другите ученици во училиштето.

Дициплината на учениците е добра и нема нарушување на воспитно-образовниот процес. Поведението на учениците е добра. Вработените внимателно и ефикасно се справуваат со проблемите кои се однесуваат на дисциплината и нередовноста. Во стручната служба, кај стручниот соработник-педагог, постои соодветна евиденција за изречените педагошки мерки на учениците кои се малку на број.

Учениците се навремено и добро информирани за сите работи што се од нивен непосреден интерес и учествуваат во решавањето проблеми и донесување одлуки во врска со тие работи. Во училиштето активно функционира ученички парламент кој избира и свои претставници во Училишниот одбор на училиштето, а има и ученички правобранител кој се грижи за почитување на правата на децата.

Ученичкото организирање во училиштето и работата на ученичкиот парламент и ученичкиот правобранител е на високо ниво.

Училишната заедница е активна и има свои претставници и членови од сите одделенија. Учениците подеднакво се вклучени во проекти, организираат заедно со одговорните ескурзии и прослава на полуматурската вечер.

Училиштето ги негува родовата сензитивност и мултикултурализмот, ја поддржува инклузивноста и ја зајакнува партиципацијата на учениците во решавањето на новонастанати проблеми.

### 5.2. Промовирање на постигањата

Училиштето ги промовира постигањата на учениците, најчесто на патрониот празник како и на интернет- страницата. Во минатата учебна 2022/2023 година се доделени награди на ученици кои постигнале посебен успех.

За промовирање на постигањата и избор на ученик на генерација има пропишан интерен правилник. Најголем број од наставниот кадар го користи пофалувањето како начин на мотивирање и промовирање на постигањата на учениците.
Училиштето доволно се залага за учество на ученици на државни натпревари.

Училиштето става голем акцент на постигањата на сите ученици. Наставниот кадар успешно ја организира средината за учење со поставување јасни и високи очекувања во однос на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците.

Учениците, исто така, имаат добро поставени очекувања од самите себе и од другите, како и аспирации за повисоки постигања на ниво на училиште. Училиштето има изградено систем на вредности и начин на промовирање на личните постигања на сите ученици во рамки на училиштето.

### 5.3. Еднаквост и правичност

Вработените во училиштето се запознаени со правата на децата и можат да ги препознаат случаите на нивно нарушување во практиката. Училиштето ги запознава учениците со нивните права, иако не секогаш им овозможува да ги практикуваат.

Вработени во училиштето генерално ги знаат и ги почитуваат правата на децата и најголем број правично и со почит се однесуваат кон учениците независно од полот, социјалното потекло и способностите.

Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на родовата, етничката, културната, верската и јазичната разновидност во училиштето и во заедницата и нивно заемно прифаќање.

Учениците учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијата на другите етнички заедници во Република СевернаМакедонија, без оглед на етничката или верската припадност.

Училиштето планира и реализира многубројни заеднички наставни и воннаставни активности со мешани групи и ги користи сите други можни стратегии за да обезбеди меѓуетничка соработка на учениците и вработените од истото или со друго училиште.

### 5.4.Партнерски однос со родителите, со локалната заедница и со локалните работодавци

Соработката на училиштето со родителите е добра. Таа се базира врз размена на информации, консултации и партнерски однос. Родителите се информираат и за успехот и поведението на учениците и тоа со директни контакти со наставниците, стручната служба и на родителските средби.

Училиштето презема активности за да ги поттикне родителите да се вклучат во подобрување на воспитно-образовната работа. Родителите се повикани активно да се вклучат во наставниот процес преку учество во планирањата и реализирањата на разни воннаставни активности (патронен празник, хуманитрни акции и слично), но мал број родители ги користат можностите кои им ги нуди училиштето.

Дел од родителите самоволно се вклучени во акција за подобрување на материјалните услови во училиштето.

Училиштето користи ефективни методи за комуникација со родителите преку организирање индивидуални и групни родителско-наставнички средби.

Учениците, членови на училишната заедница, се запознаваат со работата на наставничкиот совет, совети на паралелки и Училишниот одбор .

Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето, како што се целите, организацијата и идните активности се достапни во доволен обем на сите родители и ученици. Исто така, и нивото на постигањата на учениците е достапно за сите родители и во секое време.

Училиштето е вклучено во животот на локалната заедница преку соработка со институциите од локалната заедница, преку спроведување на заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата како што се одбележување на празници, јубилеи и сл. Заедницата се вклучува во подобрување на условите за работа во училиштето директно и индиректно.

Локалната самоуправа ги препознава како приоритет потребите на училиштето како во поглед на инфрастуктурата така и во поглед на осипувањето на учениците од општината во други училишта во други општини. Локалната заедница од учебната 2020/2021 , па до оваа учебна година на секој ученик запишан во прво одделение му доделува парична помош. Сите ученици имаат и носат ученички униформи кои се добиени со поддршка од локалната самоуправа.

Училиштето има соработка со граѓанскиот сектор како и со Кабинетот на Претседателот на РСМ, МВР на РСМ, средни училишта, Црвен крст и др.

## 6.РЕСУРСИ

### 6.1.Сместување и просторни капацитети

Училишната зграда е тврда градба од приземје и три ката со вкупна корисна површина од 4239 м2. Располага со 20 училници, библиотека, медијатека, фискултурна сала и сала за гимнастика, наставничка канцеларија, училишна кујна и трпезарија и 28 помошни простории.Училишниот двор е со површина од 21 687 м2 од која дел е озеленета и хортикултурно уредена. Во рамки на училишниот двор има спортска сала и отворено повеќенаменско игралиште кои се донација од Влада на РСМ. Во училиштето има вкупно 31 санитарни јазли кои ги задоволуваат потребите на учениците и вработените. Училишниот простор ги исполнува условите за изведување настава според стандардите и Нормативот.

Во училиштето се организира продолжен престој за ученици од прво до трето одделение. Учениците престојуваат до 16:30 часот, а времето го користат за слободни активности, домашно и други активности со воспитно-образовен карактер.

Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположивите капацитети за изведување на наставата и на вонннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците.

### 6.2 Наставни средства и материјали

Опременоста на училиштето со наставни нагледни средства и други технички помагала задоволува и истата има тенденција на подобрување. Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и матерјали им се на располагање и истите ефективно ги користат во наставата и учењето.

Училиштето има план за обезбедување на нагледни средства и помагала вклучувајќи книги, аудио-визуелна и ИКТ опрема. Истиот ги изразува потребите утврдени од страна на стручните активи, а се реализира според финансиските можности и според утврдени приоритети. Во сите училници има смарт-табли и проектори, а секој наставник има свој лап-топ за работа обезбеден од училиштето.

Училишната библиотека располага со вкупно 9902 примероци на книги и тоа, лектирни изданија 1127, стручна и слободна литература 8360, 120 книги за проектни и редовни часови, 295 книги донирани од Министерството за образование и наука кои спаѓаат во групата на Нобеловци и Ѕвезди од светската книжевност, а останатото е белетристика. Поголемиот број од лектирните изданија се во добра состојба. Библиотеката е добро уредена и располага со компјутер и пристап до интернет. Библиотекарот библиотечната евиденција ја води во инвентарна книга и во електронска форма. Библиотеката е отворена за учениците, секој работен ден од 07.30 до 15.30 часот. Библиотекарот има изготвено Годишна програма за работа и работи согласно предвидената динамика во програмата.

Училиштето планира и обезбедува потрошен материјал потребен за реализација на наставните и вонннаставните активности во рамки на финансиските можности. Планирањето и снабдувањето со потрошен материјал се врши тековно според потребите со договорни постапки.

### 6.3 Обезбедување на потребниот наставен кадар

За реализирање на наставниот план и програмите, во училиштето е обезбеден доволен број наставници, со што воспитно-образовниот процес се реализира комплетно.

Наставата во училиштето ја реализираат 34 наставници од кои 3 дополнуваат фонд во училиштето, а правото од работен однос го остваруваат во друго училиште. Од нив 28 се вработени на неопределено работно време и 6 на определено време. Има 2 наставници – приправници за кои се назначени ментори. При изборот на наставниот кадар не е констатирана родова или друга дискриминација.

Стручната подготовка на наставниот кадар е во согласност со Законот за основно образование и нормативите за наставен кадар. Наставниот кадар е квалификуван и е оспособен за реализација на воспитно-образовниот процес, со континуирано стручно усовршување во склоп на обуките на Министерството за образование и наука. Работата на наставниот кадар соодветно е поддржана од страна на администраривно-техничкиот персонал.

Вработените го почитуваат работното време. Редовноста на техничкиот персонал и наставниот кадар ја следи директорот, секретарот и има електронско евидентирање на работното време со картички. Во случај на отсуство на некој наставник се наоѓа соодветна замена или се менува распоредот за пополнување на празните часови.

Училиштето има стручна служба составена од педагог, психолог, социолог и општински дефектолог кој е присутен во училиштето еден ден во неделата. Таа редовно им помага на наставниците во организација на наставата и го следи напредокот на учениците. Советодавно работи со учениците и родителите и е подготвена и отворена за соработка. Стручните соработници работаат според програма за работа која е во состав на Годишната програма за работа на училиштето. Во училиштето има и наставник, Маја Станковска, со звање наставник-ментор.

### 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Вреднувањето на работата на наставниците и идентификувањето на нивните потреби се врши преку посета на часови од страна на стручната служба и директорот двапати во полугодие. Исто така, потребите на наставниците се следат и преку планирањата и активностите на стручните активи. Училиштето има изготвено План за професионален развој на наставниците.

Наставниците добиваат можност да учествуваат на семинари организирани од страна на Бирото за развој на образованието, како и проекти кои се спроведуваат од страна на домашни и странски организации, после кои се организираат интерни обуки. Стручната служба континуирано ги следи наставниците, нивните досегашни обуки и семинари и истите ги евидентира во портфолијата за професионален развој на наставниците.

### 6.5 Финансиско работење во училиштето

Училиштето на состаноците на Училишниот одбор има донесено Финансиски план, усвоен извештај на пописните комисии, усвоена завршна сметка и План за јавни набавки. Финансиското работење се контролира прекуУчилишниот одбор. Завршните сметки се разгледуваат на седниците на Училишниот одбор. Училиштето ги информира органите и телата за училишниот буџет и трошењето. Делот за материјални трошоци, комунални услуги и друго финансирање го врши локалната власт, преку претходно одобрен финансиски план. Училиштето обезбедува финансиски средства и преку сметката за самофинансирање од издаден простор под закуп и тоа фискултурната и спортската сала, училници и училишна кујна со трпезарија. Средствата ги користи наменски и тоа за тековно одржување, за канцелариски материјали и нагледни средства и помагала. Јавните набавки се спроведуваат преку Комисија за јавни набавки. Во училиштето има и лице лиценцирано за јавни набавки, чија лиценца во моментот на интегралниот надзор е истечена.

Училишната спортската сала ,,Методија Андонов Ченто” од страна на Општина Гази Баба се издава на користење на спортски клубови (ракомет, кошарка) по даден оглас од

страна на Општина Гази Баба. Опшината склучила договори со корисници за спортската и фискултурна сала и договорите се доставени во училиштето.

За финансиското работење училиштето ја информира локалната власт преку полугодишниот и годишниот извештај за финансиското работење.

## 7. УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ

### 7.1 Управување и раководење со училиштето

Орган на управување во училиштето е Училишниот одбор, составен од 7 члена. Училишниот одбор во овој состав е избран и конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето, а начинот на работа е определен со Деловникот за работа и со Годишна програма за работа. Училишниот одбор на училиштето реализира состаноци, зависно од потребите на училиштето.

Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето, Совет на родители и локалната заедница. Седниците се закажуваат навремено и се води уредна документација. Работата на Училишниот одбор во голема мера е транспарентна за сите структури во училиштето.

Раководен орган на училиштето е директор во прв мандат, именуван со Решение Бр.08-1364/2 од 29.03.2021 година од Градоначалникот на општина Гази Баба-Скопје, кој ги исполнува условите за директор согласно со закон. Раководниот орган има јасна визија и знае како објективно да ги оцени квалитетите на вработените и нивните придонеси во тимската работа и како да ја промовира добра практика за поквалитетно образование и воспитание на учениците. Директорот на училиштето, активно работи во насока на подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес. Активностите на раководниот орган се планирани со годишна програма за работа која е во прилог кон годишната програма за работа на училиштето.

Соработката помеѓу училишните тела и органи е добра и во најголем дел е со директна комуникација, преку средби, соопштенија, како и писмена коренсподенција со оние кои треба да бидат информирани. Работата на Советот на родители е планирана со програма за работа која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето. Советот на родители редовно одржува состаноци за кои изготвува соодветни записници. Родителите соработуваат со училиштето, а доставуваат и свои писмени забелешки и предлози до МОН за подобрување, дополнување и изменување на наставните планови и програми.

### 7.2 Цели и креирање на образовната политика

Целите на училиштето се во согласност со државната и локалната образовна политика. Целите се јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и поголеми постигања на сите ученици. Во креирањето на целите во најголема мера учествуват сите вработени, а во голема мера се вклучуваат родителите и учениците. Досегашните постигнати цели имаат позитивно влијание врз работата на училиштето.

Вработените учествуваат во креирање и во ажурирање на стратегиите за остварување на целите. Образовната политика на училиштето е предвидена со Годишната програма за работа. Посебен документ за образовната политика е Програма за развој на училиштето. Раководната структура постојано ги следи и анализира постоечките политики во врска со подобрување на квалитетот на работата во училиштето, го следи квалитетот на сите подрачја во воспитно – образовната дејност и врши соодветни целни планирања за нивно подобрување. Училиштето потребите за развој ги има идентификувано во развојното планирање за севкупното работење на училиштето. Во развојното планирање определени се мисијата и визијата на училиштето.

Наставниците се информираат за поставените цели, преку презентирање на изготвен развоен план на училиштето од страна на стручната служба на наставнички совет.

Училиштето има изготвено програма и обезбедено финансиски средства во согласност со потребите за стручно усовршување на сите вработени и унапредување на воспитно-образовниот процес. Училиштето има воспоставено систем за дисеминација на посетените едукативни семинари и обуки за унапредување на воспитно – образовниот процес.

Училиштето навремено ги идентификува потребите од материјално – технички средства и континуирано ги планира и ги обезбедува.

Училиштето остварува добра соработка со локалната самоуправа и со заедницата во однос на подобрувањето на инфраструктурата.

Соработка со локалната самоуправа и деловната заедница во однос на подобрување на внатрешната и надворешната инфраструктурата е добра.

## 8. Наоди и препораки

### 8.1 Силни страни

- ✓ Училиштето води политика на поттикнување на наставниот кадар и на учениците да учествуваат и да постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално и државно ниво.
- ✓ Најголем број наставници ги реализираат поставените цели на наставните часови.
- ✓ Учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен и она што се учи е поврзано со секојдневието и ги оспособува за активно учество во демократско и мултикултурно општество.
- ✓ Поголем број наставници во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на учениците со различни способности и стилови на учење да научат најмногу што можат.
- ✓ Сите вработени се обучени за заштита и самозаштита во случај на катастрофи.
- ✓ Училиштето преку стручната служба и комисија за професионална ориентација на учениците во училиштето води грижа и пружа соодветна помош при избор на понатамошното школување на учениците.
- ✓ Наставниот кадар успешно ја организира средината за учење со поставување јасни и високи очекувања во однос на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците.
- ✓ Ученичкото организирање во училиштето и работата на ученичкиот парламент и ученичкиот правобранител е на високо ниво.
- ✓ Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, класните/предметните наставници и родителите за постигањата на учениците.

- ✓ Училиштето има кодекс на однесување со кој се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури: раководниот кадар, наставниците, стручната служба, техничкиот персонал, учениците и родителите кој доследно и целосно се применува.

## 8.2 Слаби страни

- ✓ Наставниците организираат и реализираат мал број на нагледни часови како можност за размена на искуства помеѓу себе.
- ✓ Стандардите и критериумите за оценување не секогаш се применуваат од страна на помал број наставници при формирање на оценката на ученикот.

## 8.3 Препораки

- ✓ Да се подобри степенот на размена на искуства меѓу наставниците преку организирање на поголем број нагледни часови.
- ✓ Доследна примена на стандардите и критериумите за оценување од страна на сите наставници.

| | |
|---|---|
| Сања Јакимовска, Раководител на инспекцискиот тим | |
| Ивица Давидовски, Инспектор | |
| Александар Панев, Инспектор | |